Врз основа на одредбите на Правилникот за оценување, напредување, полагање на испити, видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во основното училиште, Наставничкиот совет на ООУ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ-ЦЕНТАР“ Скопје , на седницата одржана на ден 19.02.2020 година донесе

# ПРАВИЛНИК

За видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за

учениците во ООУ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ-ЦЕНТАР“ Скопје

## ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

Член 1

Со овој правилник се уредуваат видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во училиштето и се уредува начинот на нивното доделување или изрекување.

Член 2

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите резултати со воспитно-образовната дејност.

Член 3

Пофалбите и наградите можат да се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа или паралелка во текот или на крајот на наставната година.

Член 4

Ученик се пофалува и наградува ако се истакнува со континуирано залагање и напредување во наставата:

- Континуирано залагање и напредување во наставата;
- Залагање и постигнат успех во слободните ученички активности; (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и слично).
- Примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор од него;

- Залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина ( производствени, хуманитарни, културни  др.)

Член 5

Пофалби и награди се доделуваат на паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

Член 6

Пофалби и награди се доделуваат и на група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ, трето место на натпревари, како и група или секција која постигнува особени резултати во определена активност во училиштето и надвор од него).

Според  конкурсот, потребни се следниве документи :

- Добиени награди на ниво на училиште, општинско ниво, градско, (регионално),  државно, меѓународно);
- Потврди за учество;
- Признанија и благодарници;
- Документ со кој што ќе се докаже дека учествувал во слободните ученички активности;
- Доказ за најмал број на изостаноци;
- Активности на ниво на уч. Организации, детски организации, Црвен крст и друго.....

Член 7

Предлог за пофалби и награди дава раководителот на паралелката, предметниот наставник  или стручен соработник. Одлука за награда или пофалба ја донесува Наставничкиот совет по предлог на Комисијата за пофалби и награди. Комисијата за пофалби и награди треба да има 5 члена од редот на наставниците и по еден преставник ученик од секоја паралелка од 8 и 9 одделение.

Член 8

Пофалбите се доделуваат усно или писмено. Писмените пофалби се даваат во вид на дипломи, пофалници и признанија. Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книга, билети за филмска, театарска, спортска и друга културно -уметничка претстава, платен престој во некое детско одморалиште, платено учество за

екскурзија, претплата на весници, списанија, ученички прибор, некој предмет и сл.)

Член 9

Доделување на пофалбите и наградите се врши на свечен начин пред учениците од паралелката, односно училиштето. Денот на свеченоста, односно денот на доделувањето на наградите, го определува Наставничкиот совет.

Член 10

Вообичаеното доделување на пофалбите и наградите се врши на патрониот празник на училиштето ( 24 Мај, Денот на Св. Кирил и Методиј), некој друг празник, крајот на полугодието или крајот на наставната година.

Член 11

За пофалбите и наградите се води писмена евиденција во училиштето.

## ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА

Член 11

Од редовните ученици што го завршуваат основното образование (9 одделение), училиштето може да избира ученик што е првенец на генерација.

Член 12

Постапката за избор на првенец на генерација почнува да тече по објавувањето на интерниот конкурс што се истакнува на огласната табла во училиштето.

Конкурсот по правило се истакнува во првата недела од месец мај и трае 10 работни дена.

Член 13

Предлог на ученик -кандидат за првенец на генерација може да даде: раководител на паралелка, предметен наставник, стручен соработник и директор или учениците.

Член 14

За првенец на генерација може да се кандидира ученик -поединец.

Член 15

Секој предложен кандидиран ученик е должен до Комисијата за пофалби и награди да донесе пријава и документација предвидена на конкурсот.

Член 16

Комисијата за пофалби и награди ја избира Наставничкиот совет на училиштето. Комисијата за избор на првенец на генерацијата треба да има 5 члена од редот на наставниците и по еден преставник ученик од секоја паралелка од 8 и 9 одделение.

Член 17

Комисијата за пофалби и награди ја разгледува целокупната документација на пријавените кандидати, ги применува одредбите од член 20 и 21 од овој Правилник, утврдува кандидатска листа за избор на ученик- првенец на генерација со бодовна листа и истата ја доставува до Наставничкиот совет.

Член 18

Одлуката за прогласување на ученик за првенец на генерација, ја донесува Наставничкиот совет на крајот на наставната година

Член 19

За првенец на генерација може да биде прогласен ученик кој што покажува примерен однос во училиштето и надвор од него: покажува континуиран одличен успех по сите наставни предмети, постигнува успеси на натпревари, активно учествува во слободните ученички активности, покажува активности во работата на ученичките организации, има освоено награди, дипломи, признанија и сл.

Член 20

Секој критериум што го исполнува кандидатот за првенец на генерација, Комисијата за пофалби и награди, го вреднува на следниот начин:

- Континуирано примерно поведение од 1 до 9 одделение-5 бода;
- Континуиран одличен успех од 1 до 9 одделение -20 бода;
- За учество во слободните ученички активности по 2 бода за секоја активност, ако тоа се докаже со соодветен документ,
- За добиени награди, дипломи, пофалници, благодарници или признанија во текот на основното образование, ( од прво до деветo одделение).

**на ниво на училиште**

Прво  место....................4 бода

Второ место...................3 бода

Трето место...................2 бода

Пофалница...................1 бод

**на општинско ниво**

Прво место....................7 бода

Второ место..................6 бода

Трето место..................5 бода

Пофалница...................2 бода

**на градско (регионално) ниво:**

Прво место...................9 бода

Второ масто.................8 бода

Трето место.................7 бода

Пофалница..................3 бода

**на државно ниво**

Прво место...................12 бода

Второ место.................10 бода

Трето место..................9  бода

Пофалница...................4 бода

**на меѓународно ниво**

Прво место..................20 бода

Второ место................15 бода

Трето место................13 бода

Пофалница.................7 бода

За одговорна улога во активностите на одделенската заедница, детската организација, организацијата на Црвениот крст или друга организација на учениците, на ученикот му се доделуваат по 2 бода за активноста ја подинечно во која постигнал одредени резултати.

Член 21

Ученикот што е прогласен за првенец на генерација добива посебна диплома, а во зависност од можностите на училиштето и некоја вредна награда. Истата му се врачува на денот на доделување на сведителствата за завршено основно образование.

# ПЕДАГОШКИ МЕРКИ

Член 22

Педагошките мерки во основното училиште се применуваат кон учениците кои ги прекршуваат правилата на училишниот живот , а со цел да се постигне чувство на одговорност и спречување на негативните појави.

Член 23

Педагошките мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Забрането е телесно и психичко малтретирање на учениците.

Член 24

Педагошките мерки на учениците се применуваат за следните случаи:

- Нередовно посетување на наставата: доцнење, бегање, континуирано непосетување на наставата;
- Нарушување на правилата во однесување кон другите ученици, наставници и возрасните;
- Вербални навреди, физички напад, сексуално вознемирување или злоставување
- Неправилен однос кон училишниот имот
- Попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето

Член 25

Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. Училиштето може да повика и трети лица, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.

Член 26

Педагошки мерки се:

- Усна опомена;
- Писмена опомена;
- Укор
- Преместување на ученикот во друга паралелка;
- Намалување на поведението;

Член 27

Спрема учениците од 1-5 одделение, се применуваат педагошки мерки од точките 1 и 2 од членот 26 и нив ги изрекува одделенскиот наставник на паралелката.

Член 28

Педагошки мерки од член 26 за учениците од 6 до 9 одделение **ги изрекува**:

1. Усна опомена - раководител на паралелката;
2. Писмена опомена - раководител на паралелка;
3. Укор - Одделенски совет;
4. Преместување на ученик во друга паралелка - Наставнички совет;
5. Намалување на поведението - Наставнички совет.

Член 29

Педагошките мерки за несоодветно однесување се изрекуваат во следниве случаи:

ПЕДАГОШКА МЕРКА УСНА ОПОМЕНА

- зборување на часот, предизвикување неред, создавање бука, довикување на часот;
- валкање на училишниот простор и околината (пр.фрлање на отпад вон корпите за отпадоци);
- користење недозволени извори на податоци за препишување при тест, контролна задача, писмена вежба или писмена работа
- оштетување на училишниот инвентар (помали штети: шарање, резбање на инвентарот и сл.)

ПЕДАГОШКА МЕРКА ПИСМЕНА ОПОМЕНА

- внесување или конзумирање на цигари и алкохол во училишниот двор и зграда;
- недозволено користење на компјутери, мобилни телефони и други уреди во текот на наставата
- поттикнување и внесување на неовластени лица во училишниот двор
- поттикнување на други ученици на неприфатливо однесување
- вознемирување на учениците или вработените во училиштето со активности кои предизвикуваат нелагода (пр. недолична и навредлива вербална и невербална комуникација-пцовки, мимики, гестови)
- сексуално вознемирување

ПЕДАГОШКА МЕРКА УКОР

- попречување на воспитно-образовната работа со што е оневозможена нејзина понатамошна реализација;
- повреда на достоинството на други лица со навреди, омаловажување или ширење на лаги и невистини;
- внесување или конзумирање на психоактивни супстанции во училишниот двор и зграда;
- поттикнување и внесување на неовластени лица во училишниот двор кои потоа нанеле штета на лице/а или имот во училиштето;
- намерно уништување и нанесување поголема штета на училишниот инвентар, зграда, сала и двор;
- прикривање на насилни облици на однесување;
- удирање, учество во тепачка или друго однесување кое може да ја загрози сопствената, а и туѓата безбедност, но без потешки последици;
- користење или злоупотреба на податоци на друг ученик од педагошката документација;
- кладење и коцкање во просториите на училиштето
- присвојување на туѓи предмети

ПЕДАГОШКА МЕРКА ПРЕФРЛУВАЊЕ ВО ДРУГА ПАРАЛЕЛКА

- предизвикување и поттикнување на насилно однесување (пр. пренесување на неточни информации кои се повод за насилното однесување, скандирање пред или по насилното однесување, снимање на настанот и сл.);
- насилно однесување кое не резултирало со тешки последици;
- неовластено користење на туѓи податоци за пристап во електронскиот дневник или други бази на податоци на училиштето;
- кражба;
- поттикнување на говор на омраза во група;
- уништување на службени документи на училиштето;
- присила на соученик или друг ученик на неприфатливо однесување или рекетирање;
- внесување на оружје и опасни предмети во училиштето и училишниот двор;

ПЕДАГОШКА МЕРКА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОВЕДЕНИЕ

- фалсификување на училишни документи или др. материјали
- објавување на материјали по електронски или на друг начин кои предизвикуваат повреда на угледот, честта и достоинството на други лица
- тешка кражба на дрзок и опасен начин (обивање,провалување)
- загрозување на безбедноста на ученик/ци или вработен/и со користење на оружје или опасни предмети во училиштето и училишниот двор како и на друго место каде се одржува воспитно –образовната работа
- насилно однесување кое резултира со тешки емоционални и физички последици за други лица (вклучувајќи го и сексуалниот напад)

Во случај на *организирано бегање од часови* од страна на едно одделение се изрекува следнава педагошка мерка:

- ПЕДАГОШКА МЕРКА ПИСМЕНА ОПОМЕНА

Доколку на истото одделение му се случи истиот настан, педагошките мерки продолжуваат во континуитет, постапно. Ако некои од учениците, кои учат во тоа одделение, претходно имаат добиено некоја педагошка мерка, кај нив ќе биде запишана следната педагошка мерка.

Член 30

За секоја изречена педагошка мерка се известува ученикот, неговиот родител или старател. За изречените педагошки мерки од член 26 точка 3, 4, 5 од овој Правилник, родителот има право да поднесе приговор до второстепениот орган во рок од 7 дена од денот на известувањето на изречената педагошка мерка.

Член 31

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација.

Член 32

Изречените педагошки мерки од член 26 од овој Правилник важат најдолго до крајот на учебната година во која се изречени. Во одредени случаи кога е направено тешко прекршување на правилата на училишниот живот може да се пристапи кон изрекување на одредена педагошка мерка без да се следи редоследот на изрекување на педагошките мерки.

Член 33

Секое изостанување или задоцнување на ученикот на наставен час задолжително се регистрира како оправден или неоправдан изостанок во одделенскиот дневник освен отсуство заради учество во вонучилишни активности (натпревари, квизови, проекти и сл.) и отсуство заради вон училишни активности по писмено барање на родител/старател.

Член 34

Ученикот е должен точно да ги каже причините за изостанувањето од наставата. Образложение на причините може да даде одделенскиот наставник, предметен наставник, родител или старател на ученикот. Ако причината на изостанувањето се регулира со лекарска белешка, ученикот е должен да ја достави лекарската белешка како доказ. Причината за изостанувањето може да се регулира најдоцна во рок од 5 дена од денот на изостанувањето.

Член 35

Родителот е должен секое изостанување на ученикот од наставата да го извести одделенскиот раководител на ученикот. Известувањето треба да го стори благовремено или истиот ден кога ученикот е отсутен од настава.

Доколку родителот предизвикува доцнење на ученикот во континуитет во одделенска настава , а со тоа го ремети воспитно-образовниот процес ќе биде повикан од страна на педафошко-психолошката служба на разговор.

Член 36

Изостаноците на ученикот ги регулира (оправдува или неоправдува), раководителот на паралелката.

Член 37

Се евидентира секое задоцнување и се бележи колку минути е задоцнувањето. Се оправдува задоцнување до 5 минути и тоа само на првиот час, три пати во годината (задоцнувањето на сите останати часови е неоправдано).

Член 38

Изостаноците на ученик за еден ден може да го одобри раководителот на паралелката со добиено мислење од родителот или старателот на ученикот. Ако ученикот е болен, причината за изостанувањето се оправдува со лекарска белешка во рок од 7 дена.

Член 39

Се оправдува отсуство на ученик кој добил дозвола од одделенскиот раководител, предметен наставник, стручната служба или директор на училиште.

Член 40

Директорот на училиштето по писмено барање на родител/старател од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

Член 41

Ако ученикот е отсутен повеќе денови од наставата, а истиот е на боледување или болничко лекување, родителот (старателот), на ученикот е должен во најкраток временски рок да го запознае раководителот на паралелката.

Член 42

За неоправдано изостанување на ученикот од наставата се изрекуваат следните педагошки мерки:

- Од 5 до 8 неоправдани изостаноци, усна опомена
- Од 9 до 12 неоправдани изостаноци, писмена опомена
- Од 13 до 16 неоправдани изостаноци, укор
- Од 17 до 20 неоправдани изостаноци, преместување на ученикот во друга паралелка
- Од 21 до 25 неоправдани изостаноци, намалено поведение
- Ако ученикот од било кои причини континуирано не ја следи редовната настава (една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети), а нема елементи за оценување, полага одделенски испит според предвидените предмети со наставниот план. Оправданоста за причините ја оценува Наставничкиот совет.

Член 43

Раководителот на паралелката е должен однапред да го извести ученикот и неговиот родител или старател со Одлука на Наставничкиот совет дека ученикот ќе полага одделенски испит на годината по одделни наставни предмети или сите наставни предмети.

Член 44

Во прилог на Правилникот постои и соодветна педагошка документација со постапка за изрекување на педагошките мерки.

Член 45

Овој Правилник влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се објави на огласна табла во училиштето.

Скопје 2020/2021год НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ НА УЧИЛИШТЕ